**Колку е исцрпен македонскиот бруто домашен производ**

Бруто домашниот производ (БДП) претставува основен макроекономски агрегат во секоја економија. Порастот на БДП претставува мерило за успехот на економската политика, а изразувањето на останатите макроекономски агрегати во однос на БДП, како на пример буџетски дефицит како процент од БДП, дефицитот на тековната сметка од Платниот биланс во БДП, или учеството на инвестициите, личната и јавната потрошувачка во БДП се незаменливи индикатори во секоја макроекономска анализа.

Во ЕУ, овие индикатори добиваат уште поголемо значење поради нивното користење за многу аспекти од заедничката економска и регионална политика и претстојната монетарна унија. Заради обезбедување објективност и конзистентност во користењето на макроекономските индикатори и избегнување на можните манипулации кои би вршеле пресија врз односите помеѓу земјите членки, ЕУ презема сериозни мерки за конзистентно мерење на БДП во земјите членки. Во рамките на заедничката статистичка служба ЕУРОСТАТ веќе неколку години се спроведува истражување за исцрпноста (exaustiveness) на пресметките на БДП во земјите членки кон кое се приклучени и земјите кандидати, а од почетокот на оваа година учествува и Република Македонија. Целта е да се утврди исцрпноста на пресметката на БДП во секоја земја, големината на неопфатената економија (сива економија од статистички аспект) и да им се помогне на земјите кои имаат најголеми проблеми во опфатот на сите производни активности, да развијат методи за нивна редовна проценка и вклучување во официјалниот БДП.

Каква е состојбата во Македонија на овој план, односно колку е исцрпна пресметката на БДП и што значат тврдењата на некои економисти, новинари и политичари дека сивата економија во Македонија изнесува 30, 40 или 50%?

Пресметката на БДП базира на концептот на Системот на национални сметки од 1993 година (System of national accounts-SNA 93) за разлика од Општествениот производ кој својата теоретска подлога ја имаше во концептот на материјално производство. Основната разлика меѓу двата концепта е во третманот на непазарните услуги (здравство, образование, државна управа) и финансиските услуги кои според материјалниот концепт се непроизводни и не учествуваат во создавањето на Општествениот производ, додека според Системот на национални сметки се производни активности и директно придонесуваат во создавањето на БДП. Според системот на национални сметки кој претставува методолошки прирачник донесен од ООН, ОЕЦД, ММФ, Светската банка и ЕУ, и е целосно прифатен и применуван во светот, пресметката на БДП е можна според три методи. Првиот метод тргнува од вредноста на производството на стоки и услуги од кое со одбивање на трошоците за материјали и услуги се добива новосоздадената вредност, односно БДП. Со вториот метод БДП директно се добива преку пресметка на неговите елементи - доходот на вработените, бруто

добивката на претпријатието и даноците на производи кои претставуваат примарни доходи на работната сила, капиталот и на државата. Третиот метод тргнува од употребата на БДП за лична и јавна потрошувачка и инвестиции на што се додава салдото на извозот и увозот на стоки и услуги. Заради постигнување на што пореална и посеопфатна пресметка на БДП вообичаено е тој да се добие од независни извори на податоци по најмалку два од трите методи.

БДП ја мери вредноста создадена од производните активности на резидентните институционални единици. Притоа, под производни активности се смета производството на стоки и услуги (освен услугите за сопствена употреба) без оглед дали е тоа легално или нелегално, регистрирано или нерегистрирано. Оттука, за статистиката е сосема ирелевантно дали некои трансакции се сиви или не, она што е важно е дали тие се во рамките на производната граница или не. Ваквиот пристап е уште поприфатлив ако се има предвид дека не постои прецизна дефиниција за тоа што е сива економија, а таа значително се разликува зависно од тоа дали се гледа од статистички, од даночен или од социолошки аспект. Затоа, Заводот за статистика на Република Македонија воопшто не се обидува да изврши експлицитно квантифицирање на сивата економија во Македонија, туку преку различни статистички методи имплицитно да ја вклучи во официјалниот податок за БДП. Според тоа, првото прашање кое треба да му се упати на Заводот за статистика е, колку е исцрпен македонскиот БДП, а дури потоа, дали добиените податоци овозможуваат индиректно квантифицирање на одредени аспекти од сивата економија. Па да почнеме со ред.

Во Република Македонија БДП се смета по два независни методи, производен и расходен. Најзначаен извор на податоци за пресметка на БДП по производниот метод се финансиските извештаи. Околу 38% од македонскиот БДП се добива од финансиските извештаи на претпријатијата од стопанството, односно според терминологијата на СНА 93, нефинансиски претпријатија. Некој ќе рече дека финансиските извештаи не ја рефлектираат реалната состојба бидејќи по правило оутпутот и платите се потценети, а трошоците се преценети. Токму поради тоа, се вршат одредени корекции. Врз основа на голем број анализи и со користење на дополнителни податоци најпрво се зголемуваат оутпутот и платите а трошоците се сведуваат во реални рамки. Потоа, со споредување на податоците за бројот на вработени од финансиските извештаи и Анкетата за работна сила, се врши проценка на нерегистрираните работници во нефинансиските претпријатија. На крај, се врши посебна проценка на прометот во трговијата при што доаѓа до значителна корекција на прометот прикажан во финансиските извештаи. Трите корекции заедно, учествуваат со околу 30% во додадената вредност на нефинансиските претпријатија и 11% во бруто домашниот производ.

Финансиските извештаи се исто така основен извор на податоци за пресметка на додадената вредност во непазарните државни услуги и финансиските услуги. Се смета, дека во овој сегмент од македонската економија финансиските податоци реално ги прикажуваат сите трансакции што се случуваат во текот на годината. Поради тоа, не се врши никаква корекција, а додадената вредност се пресметува врз основа на оригиналните податоци. Единствено, се прават методолошки прилагодувања на буџетските податоци од кеш принцип, на принцип на фактурирано со додавање на промената во пресметаните обврски спрема добавувачите. Сепак, останува дилемата дали во буџетските податоци се прикажани сите неплатени обврски на буџетските корисници.

Финансиските извештаи не ги исцрпуваат сите економски активности во нашата земја. Голем дел од економските субјекти немаат обврска да ги изведуваат трансакциите преку официјалниот платен промет (индивидуалните земјоделци), или немаат обврска да водат целосни финансиски извештаи (самостојните вршители на дејност). Производството и додадената вредност на индивидуалните земјоделци се проценува од земјоделски експерти врз основа на посеаните површини, остварените приноси и постигнатите цени. Од друга страна проценката на остварените резултати од самостојните вршители на дејност се врши во повеќе фази. Најпрво, се користат податоците од даночната евиденција кои се корегираат со статистички методи, а потоа се врши споредба со бројот на вработени од Анкетата за работна сила по што се добива финалниот податок. Исклучок од ова е градежништвото каде што проценката се врши врз основа на усогласување со податоците за вредноста на изградените индивидуални станбени куќи кои во најголем дел се резултат на вработените во неформалниот сектор.

Последниот елемент од пресметката на БДП се импутираните станарини. Тоа е специфична категорија која се пресметува со претпоставка дека сите корисници на станови плаќаат рента за користењето на становите без оглед дали се сопственици или не. Оваа категорија е воведена во системот на национални сметки поради две причини. Првата е да се обезбеди конзистентност во БДП во текот на времето, ако дојде до промена на структурата на сопствени и рентирани станови. Втората причина е да се обезбеди меѓународна споредливост на податокот за БДП, бидејќи во спротивно земја во која становите претежно се рентираат ќе има поголем БДП од земја во која становите се претежно сопственост на корисниците на истите.

За да се добие БДП по пазарни цени на крај треба да се додадат даноците и царините, а да се минусираат субвенциите. Со тоа завршува пресметката на БДП по производниот метод. Меѓутоа, која е гаранцијата дека и по сите корекции што се направени на податоците е постигната целосна исцрпност на пресметката на БДП?

Проверката се врши со расходниот метод за пресметка на БДП при што се проценуваат основните агрегати: личната и јавната

потрошувачка, инвестициите, извозот и увозот. Притоа, како основен материјал се користат податоците од Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, буџетот, посебно истражување за инвестициите, одредени истражувања од базните статистики на индустрија, градежништво, сообраќај и угостителство и царинските декларации за увозот и извозот.

Кај јавната потрошувачка не се прават никакви корекции бидејќи нејзината пресметка базира на буџетот, а се смета дека во буџетот сите трансакции се регистрираат.

Значително внимание се посветува на личната потрошувачка и инвестициите. Иницијалната пресметка на личната потрошувачка се врши врз основа на Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, при што се анализира секоја позиција и се согледува реалноста на декларираната потрошувачка на одредени производи како количински така и вредносно. Доколку, поради високата стандардна грешка на оценка за потрошувачката на трајни добра (патнички автомобили, бела техника) податокот од Анкетата за потрошувачката на домаќинствата не е доволно сигурен, се врши споредба со податоците од увозот и извозот и производството на тие производи или се користат податоци од административната евиденција (на пр. број на новорегистрирани патнички автомобили). Нешто слично се прави и кај инвестициите каде што податоците кои се добиени од претпријатијата се корегираат со оние кои се добиваат од анализата на тековите на машини и опрема (производство + увоз - извоз = инвестирано во Македонија).

Увозот и извозот воопшто не се корегирани иако според наши согледувања очигледно постои нерегистриран увоз, а и извоз. Доколку салдото на нерегистрираниот извоз и увоз е нула тогаш тоа не влијае на податокот за БДП. Ако нерегистрираниот извоз е поголем од нерегистрираниот увоз тоа значи дека БДП е потценет, меѓутоа ако ситуацијата е обратна тогаш БДП е преценет.

На овој начин се овозможуваат две независни пресметки а со нивно вкрстување се врши балансирање и се доаѓа до финалниот податок за БДП. Во процесот на балансирање на производната и расходната пресметка на БДП корекции се прават на двете страни. Притоа, сите оние трансакции кои се регистрирани барем во еден сегмент од производниот циклус без разлика дали е тоа при производството, потрошувачката, инвестирањето или при увозот и извозот, најверојатно ќе бидат измерени во БДП. Имено, може цигарите да ја поминат границата без да да се регистрираат како увоз и да се продадат на крајниот потрошувач без да се регистрираат во книговодството на продавачот, меѓутоа ако се знае колкава е потрошувачката на цигари во домаќинствата, тие ќе бидат вклучени во крајната пресметка на БДП.

После сево ова, што да се одговори на тврдењата дека сивата економија во Македонија изнесува 30, 40, или 50%. Можеби е тоа точно, меѓутоа во никој случај не треба да се става знак на равенство помеѓу сивата економија и она што недостасува во БДП. Тој е далеку поисцрпен

отколку што во јавноста се мисли. Најголем дел од она што обично се мисли дека е  сива економија веќе е вклучен во македонскиот бруто домашен производ.

**Табела 1. Споредбен преглед на економските активности кои се мерат во ОП и БДП**

| | **Општествен производ** | **Бруто домашен производ** |
|---|---|---|
| Производство на стоки за пазар | Да | да |
| Производство на стоки за сопствена употреба | Да | да |
| Производни услуги | Да | да |
| Непроизводни услуги | Не | да |
| Станбени услуги за сопствено користење | Не | да |
| Производство на други услуги за сопствена употреба | Не | не |

**Табела 2. Ориентациона структура на Бруто домашниот производ**

| | **% од БДП** |
|---|---|
| Нефинансиски претпријатија | 38 |
| Корекции кај нефинаниските претпријатија | 11 |
| Индивидуални фарми и дуќани | 16 |
| Финансиски услуги и непазарни услуги | 17 |
| Импутирани станарини | 4 |
| Царини и даноци минус субвенции | 14 |
| БДП | 100 |